За потребите на проектот “Платформа за граѓанско образование на млади за борба против радикализација (Младите против насилство)”, финансиран од Европската Унија преку ИПА Програма за граѓанско општество и програма за медиуми 2018-2019 (алокација за 2019 г.), EuropeAid/167061/DD/ACT/MK, Поддршка на мрежи и платформи на ГОи во Р.С. Македонија, комсијата за набавки при Центар за интеркултурен дијалог (ЦИД) – Куманово, во партнерство со Иницијатива за Европска Перспектива – Скопје, Нексус - Граѓански коцепт - Скопје, Здружение за развој и активизам Аква – Струга и Организација Градење на заедницата од Митровица, Косово, објавува:

**ПОВИК ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИ бр. 13-03/2023**

За избор на ментор, кој ќе менторира 2 младински групи во процесот на креирање на иницијативи за развој на заедницата и подобрување на животот во локалната заедница во насока на интеркултурана соработка, социо економски развооj и медиумска писменост, како дел од проектот “Платформа за граѓанско образование на млади за борба против радикализација (Младите против насилство)”, а во рамки на А 3.2.
Ангажманот на менторот е предвиден да ги поддржи групите во Куманово и самостојно да ги спроведува активностите на локално ниво. Менторот во консултација со проектиниот тим и избраните млади заеднички одлучуваат кога и со која динамика ќе се организираат состаноците

**1. Договорен орган**

Здружение Центар за интеркултурен дијалог (ЦИД), ул. Вук Караџиќ бр 19А, 1300 Куманово, во рамки на проектот “Платформа за граѓанско образование на млади за борба против радикализација (Младите против насилство)”

**2. Предмет на договорот**

Предмет на договорот е ментор за поддршка при развој на идеи за развој на заедницата-Куманово (А3.2, БЛ 6.6)

**3. Опис на услугата**

Ангажманот на менторот е предвиден да ја поддржи групата во Куманово и самостојно да ги спроведува активностите на локално ниво. Предвидени се 16 менторски денови со членовите на групата на територијата на Куманово.

| Број | Опис на производ/услуга | **Број на денови** | **ВКУПНО** |
|---|---|---|---|
| 1. | Ментор за поддршка при развој на идеи за развој на заедницата | 16 | **16** |

**4. Услугата не е делива.**

**5. Услови и критериуми за учество на повикот**

Понудувачот потребно е да располага со следните компетенции:

- Високо образование
- Најмалку 5години искуство во менторство, едукација и тренинг
- Искуство во користење на методи на неформална едукација
- Искуство во темите на кои младинските групи ќе работат ( социо-економска соработка, медиумска писменост и иновација, интеркултурна соработка итн.)
- Лидерски и технички способности

- Спсобност да дава конструктивна критика/ фидбек
- Способност да идентификува цели
- Фокусиран на раст
- Покажува позитивно однесување
- Одлично користење на англиски јазик

**Специфично искуство**

- Минимум две години искуство во работа со млади со посебен фокус на менторирање на индивидуи и тимови со млади

**6. Резултати**

- Подготвена менторска програма заедно со план за спроведување;
- Спроведени 16 менторски денови со 2 младинска група, односно 5 состаноци со младите( 5/6 млади)
- Подготвени 2/3 иницијативи/проекти
- Доставен финален извештај за работата

**7. Временска рамка**

Услугата треба да се испорача во периодот од јуни до ноември 2023година.

**8. Изготвување на понудите**

Услугата ќе се реализира од страна на извршителот на услуга(ментор) со искуство за испорака на ваков тип на услуги. Центар за интеркултурен дијалог од Куманово во согласност со одредбите на договорот со донаторот и интерниот правилник за реализација на набавки спроведува ограничен повик со прибирање на најмалку 3 понуди.

**9. Понудата треба да содржи следните елементи:**

А) Квалитативна понуда треба да содржи:

- Кратка биографија (CV)
- Методологија и план за работа
- Референтна листа

Б) Финансиска понуда

Финансиската понуда треба да се изготви според образецот даден како прилог во тендерската документација

Понудата, како и целата кореспонденција и документи поврзани со понудата кои се разменуваат со понудувачот, се пишуваат на македонски јазик на печатно кирилско писмо пополнети рачно или на компјутер. Сите дополнителни појаснувања може да се добијат преку адресата на е-пошта info@cid.mk, тел. 031 421 330 во рокот за прибирање на понуди.

**10. Начин на доставување на понудите**

Понудите се доставуваат по електронски пат на info@cid.mk или во хартиена форма по пошта или лично на ул. Вук Караџиќ бр. 19А, 1300 Куманово при Центар за интеркултурен дијалог (ЦИД), со назнака "ЗА ПРОЕКТ: Платформа за граѓанско образование на млади за борба против радикализација (Младите против насилство) и се наведува бројот на повикот 13-03/2023. Доколку понудите се доставуваат електронски истите треба да бидат скенирани со потпис и печат од овластено лице.

Краен рок за доставување на понудите е 20.04.2023.година до 16:00 часот.

Понудите што ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние понуди што нема да ги содржат потребните елементи или не се изработени според пропозициите на повикот, нема да бидат земени предвид за понатамошна евалуација.

11. Услови и начин на плаќање

Плаќањето ќе се изврши во две транши. 50% од сумата по почнување на работата на менторот, 50% по доставување на извештајот од сработеното.

12. Критериуми за доделување на договор

Критериум за доделување на договор е **најсоодветни професионални квалификации и најповолна економска понува.**

13. Известување на понудувачите

Ќе биде контактиран само понудувачот кој доставил најповолна понуда според утврдениот критериум за доделување на договор

Куманово, 05 април 2023 година

Комисија за Јавни набавки

Центар за интеркултурен дијалог, Куманово